ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 22	24.03.2023 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, МАРТ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Јегуновце за 2023 година.

Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Јегуновце за 2023 година.,што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 22.03.2023 год.

Бр.09- 538/1
24.03. 2023год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.„ бр.5/2002), Правилникот за распределба на плати на вработени во Општина Јегуновце кои имаат статус на помошно-технички персонал, користење на работното време, паузи, одмори и други права од работното законодавство бр.01-368/1 од 23.02.2023 год. и член 91 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Советот на Општина Јегуновце на дваесетивтората седница одржана на ден 22.03.2023 год. донесе

О Д Л У К А

За изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-2056/5 од 26.12.2022 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.18/2022) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-183/5 од 30.01.2023 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.19/2023) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-409/6 од 03.03.2023 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/2023) во член 20 бројот „бр.09-1763/1 од 21.12.2021 год.„ се заменува со бројот „09-449/1 од 08.03.2023 год.„

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-516/3
22.03.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Јегуновце за 2023 година.

Се прогласува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Јегуновце за 2023 год.,што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 22.03.2023 год.

Бр.09-538/2
24.03.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15,37/16 и „Службен весник на РСМ“ БР.257/20), член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 алинеја 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Службен гласник на општина Јегуновце “ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на дваесетиврата седница одржана на ден 22.03.2023 ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А

За спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести

на подрачјето на Општина Јегуновце за 2023 год

Надлежностите на општината за донесување Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје , произлегуваат од член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести – (Сл.весник на РСМ бр.257/20).

Заштитата на населението од заразни болести е главна цел на оваа Програма , истата се планира да се оствари со реализирање на општите мерки кои ќе се спроведуваат во согласност со стандарадите и постапките утврдени со закон .

Во организирање и следење на општите мерки општината соработува со надлежниот ЈЗУ Центар за јавно здравје.

1. Цели

1. Спречување на појава и ширење на заразни болести
2. Обезбедување чиста и здрава вода за пиење
3. Заштита на сите групи на население од заразни болести
4. Редуцирање на популација на комарци и други ситни инсекти на подрачјето на Општина Јегуновце и доведување на ниво на биолошка толеранција

2. Активности

Наведените активности во Програмата се во согласност со законските одредби во кои се дефинирани обврските на општината кои треба да бидат превземени за да се постигнат горенаведените цели.

Ред. Бр.	Активности	РОК	Носител	Извори на средства
1.	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација		Општина Јегуновце-ЈЗУ Центар за јавно здравје	Буџет на Општина Јегуновце
1.1	Анализа на терен за извршување на дезинфекција , дезинсекција и дератизација	Месец март, април	Општина Јегуновце-	Буџет на Општина Јегуновце
1.2	Дезинсекција на територија на општина Јегуновце -Пред с. Сиричино, па се до с.Туденце по течението на р. Вардар има ископини на песок , во кои има застојана вода -Помеѓу населените места с.Шемшово и с.Прељубиште има мочурлив предел Орман во должина од 300м и широчина од 100 метри -Помеѓу н.м.с. Прељубиште и н.м.с.Јанчиште се наоѓа мочурлив предел , во должина од 2500м и широчина од 400м, кој се наоѓа	Мај, Јуни, Јули, Август	Општина Јегуновце-ЈЗУ Центар за јавно здравје	Буџет на Општина Јегуновце

	подалеку од регионалниот пат -Под населеното место с.Јегуновце , се простира мочурлив предел кон н.м. Подбреѓе во должина од 800м и ширина 200м -Од н.м. Јегуновце до н.м. Раотинце има мочурлив предел (Паленик) низ кој поминува див пат , има комунална депонија , низ него поминува р.Бистрица -Од н.м. Раотинце до н.м. Јанчиште , се наоѓа мочурлив предел Низ с.Ратае помунива отворен канал кој служел за наводнување наречен Радиовце-Бистрица кој не функционира, а во него се излева фекален отпад -Под с.Вратница и помеѓу селата Нераште и Орашје се наоѓа вештачко езеро Вратничко езеро.			
1.3.	Спроведување на мерката дезинфекција во сите училишта на подрачјето на Општина Јегуновце	Два пати во годината	Општина Јегуновце во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје	Буџет на Општина Јегуновце

2.	Испитување на хигиенската исправност на водата	Во текот на цела година	Општина Јегуновце	Буџет на Општина Јегуновце
2.1.	Следење на хигиенска исправност на водата од за пиење од Регионалниот водовод	Во текот на цела година	Општина Јегуновце	Буџет на Општина Јегуновце
2.2	Превземање на мерки за пречистување на водата за пиење од Регионалниот водовод (хлорирање)	Во текот на цела година	Општина Јегуновце	Буџет на Општина Јегуновце
3	Информирање на јавноста	Во текот на цела година	Општина Јегуновце	Буџет на Општина Јегуновце

3. Финансирање

Средствата од Програмата ќе бидат обезбедени од од основниот Буџет на Општина Јегуновце согласно реалните финансиските можности за мерките наведени во програмата под точка 1.1, 1.2,1.3 и точка 3 ,додека под точка 2.1 и 2.2 ќе бидат обезбедени средства од страна на Буџетот на ЈП Јегуновце, с.Јегуновце.

4. Известување

Известувањето и информирање на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, локалните медиуми, соработка на општината со МЗ, здружение на пчелари итн, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот и начинот на изведување.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Јегуновце,,.

Бр. 08-516/4
22.03.2023
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба,реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2022 год

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба,реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2022 год.,што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 22.03.2023 год.

Бр.09-538/3
24.03. 2023год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на двесетивтората седница одржана на ден 22.03.2023 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2022 год.

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинскикте патишта и улици во Општина Јегуновце за 2022 год. бр. 09-489/1 од 14.03.2023 год. и истиот е составен дел на овој Заклучок.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр.08-516/5
22.03.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата за изградба,реконструкција и одржување на општински патишта и улици во општина Јегуновце за 2023год

Се прогласува Програмата за изградба,реконструкција и одржување на општински патишта и улици во општина Јегуновце за 2023год.,што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 22.03.2023 год.

Бр. 09-538/4
24.03. 2023год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 60 и 61 од Законот за јавните патишта ("Сл.весник на РМ" бр.84/08, 52/09,114/09,124/10, 23/11, 53/11...163/16) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Јегуновце ("Сл.гласник на Општина Јегуновце" бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на дваесетивтората седница одржана на ден 22.03.2023 год. донесе

П Р О Г Р А М А

За изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2023 година

Со оваа Програма се настојува да се опфатат сите годишни работи за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улиците во Општина Јегуновце за 2023 година.

Покрај ова во Програмата ќе бидат опфатени и работите околу доградба на линии за улично осветлување и одржување на уличното осветлување по населените места во општината.

Реализацијата на предвидените работи со Програмата во основа ќе зависи од приливот на финансиски средства за тековната 2023 година како и ангажираноста и учеството на месната самоуправа во изградбата и одржувањето на општинските патишта и улици.

Според известување од ЈП за државни патишта-Скопје средствата наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици за Општина Јегуновце за 2023 г. изнесуваат 2.293.969,00 ден.

I. Приходи

1. Од Агенцијата за државни патишта		2.293.969 ден.
2. Надоместок за улично осветлување		7.300.000 ден.
3. Надоместок за градежно земјиште		500.000 ден.
	Вкупно:	10.093.969 ден.

Од предвидените приходи средствата ќе се реализираат како следи:

II. Расходи

1. За изградба на општински патишта и улици,		2.293.969 ден.
2. За потрошена електрична енергија изградба и одржување на ул.осветлување		7.000.000 ден.
3. За редовно инвестиционо одржување		800.000 ден.
	Вкупно:	10.093.969 ден.

Од планираните средства за изградба и одржување се предвидуваат следниве работи:

Изградба на општински патишта и улици, крпење на најоштетените делови од локалната патна мрежа и тампонирање на улици по населените места на Општина Јегуновце.

За зимско одржување на општинската патна мрежа ќе се ангажира организација спремна со механизација за таква намена.

Предвидените средства од Агенцијата за државни патишта према расходи би биле:

- за изградба 50% 1.146.984 ден.
- за редовно инвестиционо одржување 30% 688.191 ден.
- за зимско одржување 20% 458.794 ден.

Планираните средства за улично осветлување ќе се реализираат за потрошена ел. енергија, за купување на електро опрема за улично осветлување и за одржување на уличното осветлување.

Планираните средства од надоместок за градежно земјиште ќе се реализираат за редовно инвестиционо одржување на патишта и улици

Реализацијата на Програмата ќе зависи од приливот на средствата.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-516/6
22.03.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2023 год

Се прогласува Одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2023 год.,што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 22.03.2023 год.

Бр. 09-538/5
24.03. 2023год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 22 став 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21-а став 1 точка 11-а од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетивторатa седница одржана на ден 22.03.2023 год. донесе

О Д Л У К А

За донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2023 год.

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2023 год.

Член 2

Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2023 год. од член 1 се составен дел на оваа Одлука и истиот не се објавува во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-516/7
22.03.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласност за измена на Годишен план за вработување за 2023 година во општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање на согласност за измена на Годишен план за вработување за 2023 година во општина Јегуновце.,што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 22.03.2023 год.

Бр. 09-538/6
24.03. 2023год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, а во врска со став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Сл.весник на РМ" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и ,,Сл.весник на РСМ" број 143/19 и 14/20), а во согласнсот со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.Весник на РМ" број 5/02 и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце (,,Службен Гласник на Општина Јегуновце" број 21/03, Советот на Општина Јегуновце на седницата одржана на ден 22.03.2023 година донесе

О Д Л У К А
За давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2023 година во Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за измена на Годишен план за вработување за 2023 година, во Општина Јегуновце заверен со архивски број 01-508/1 од 17.03.2023 година.

Член 2

Советот на Општина Јегуновце дава согласност за пополнување на слободни работни места преку објавување на јавен оглас согласно одредбите на Законот за административни службеници и Законот за работни односи.

За пополнување на слободните работни места предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Општина Јегуновце се обезбедени парични средства во Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година, од ставките 401 и 402 Програма Е0.

Член 3

По добиената согласност од страна на Советот на Општината, измената на Годишниот план за вработување за 2023 година од член 1 на оваа Одлука, Општината да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Јегуновце"

Бр.08-516/8
22.03.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучок за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ„Александар Здравковски„с.Јегуновце за учебната 2022/2023 год

Се прогласува Заклучок за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ„Александар Здравковски„с.Јегуновце за учебната 2022/2023 год .„што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 22.03.2023 год.

Бр. 09-538/7
24.03. 2023год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Јегуновце на дваесетивторатa седница одржана на ден 22.03.2023 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце за учебната 2022/2023

1. Советот на Општина Јегуновце дава позитивно мислење по однос на Годишната програма за изведување на екскурзии за ученици од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце за учебната 2022/2023

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и истиот да се достави до ООУ„Александар Здравковски„ с.Јегуновце.

Бр.08-516/9
22.03.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ,, бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце,, бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

РЕШЕНИЕ

За прогласување на Заклучок за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ„Симче Настовски с.Вратница за учебната 2022/2023 год

Се прогласува Заклучок за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ„Симче Настовски„с.Вратница за учебната 2022/2023 год .„што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 22.03.2023 год

Бр. 09-538/8
24.03. 2023год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Јегуновце на дваесетивторатa седница одржана на ден 22.03.2023 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница за учебната 2022/2023

1. Советот на Општина Јегуновце дава позитивно мислење по однос на Годишната програма за изведување на екскурзии за ученици од ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница за учебната 2022/2023

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и истиот да се достави до ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница.

Бр.08-516/10
22.03.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за измена за распоредот за средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година

Се прогласува Одлуката за измена за распоредот за средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година.,што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 22.03.2023 год.

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р

Бр. 09-538/9
24.03. 2023год.
Јегуновце

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл. весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/15 и 167/16 и Сл. весник на РСМ бр. 151/2021) Советот на Општина Јегуновце на дваесетивтората седница одржана на ден 22.03.2023 година донесе

О Д Л У К А

за измена за распоредот за средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општината за 2023 година на следниот начин:

Потпрограма Потставка		БУГЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
ЕА0	КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА					
482920	Изградба на други објекти	-500.000	0	0	0	0
JD0	ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И					
480190	Купување на друга опрема	500.000	0	0	0	0
		0	0	0	0	0

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2023 година.

Бр. 08-516/11
22.03.2023 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година 1

2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година 2

3. Решение за прогласување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Јегуновце за 2023 година..... 3

4. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Јегуновце за 2023 год. 4

5. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2022 год. 8

6. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2022 год. 9

7. Решение за прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2023 година..... 10

8. Програма за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2023 година 11

9. Решение за прогласување на Одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2023 год. 13

10. Одлука за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2023 год. 14

11. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2023 година во Општина Јегуновце..... 15

12. Одлука за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2023 година во Општина Јегуновце 16

13. Решение за прогласување на Заклучок за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновцеза учебната 2022/2023..... 17

14. Заклучок за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновцеза учебната 2022/2023..... 18

15. Решение за прогласување на Заклучок за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница за учебната 2022/2023 19

16. Заклучок за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница за учебната 2022/2023 20

17. Решение за прогласување на Одлука за измена на распоредот за средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год. 21

18. Одлука за измена на распоредот за средствата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 год. 22